**Известување за концентрација со која физичко лице Тодор Анѓушев, Скопје, Република Северна Македонија, ќе стекне контрола над Друштво за проектантски услуги АКВАВАТ ДООЕЛ Скопје**

**(предмет бр. 08-30/2024)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 22.01.2024 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која **физичко лице Тодор Анѓушев**, **Република Северна Македонија** ќе стекне контрола над **Друштво за проектантски услуги АКВАВАТ ДООЕЛ Скопје,** Булевар Свети Климент бр. 30, Скопје-Центар, 1000 Скопје Република Северна Македонија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

Дејноста на **Друштвото за проектантски услуги АКВАВАТ ДООЕЛ Скопје** е архитектонски дејности. Целното Друштво е активно во полето на планирање во Република Северна Македонија, специјализирано за проектирање и имплементација на мали хидроцентрали.
Друштвото изработува проекти и програми за развој, со приоритет во користењето на обновлива енергија односно во производство на хидроелектрична енергија, одржливост, управување со ресурси и заштита на човековата околина.

Според подносителот на известувањето за целите на оценка на предметната концентрација, релевантниот пазар се однесува на пазарот на архитектонски услуги во секторот на обновлива енергија, односно во производство на хидроелектрична енергија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

25.01.2024 година
Скопје